Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-187/5
__________ година

27-03-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 187/1 од 21.02.2023 година, поднесена од [redacted] - Штип, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за запирање на постапка

Постапката по претставката бр. 08-187/1 од 21.02.2023 година, поднесена од [redacted] – Штип СЕ ЗАПИРА.

### Образложение

На 21.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка од страна на [redacted] – Штип со седиште на ул. [redacted] Штип, заведена под бр. 08-187/1.

Подносителот, на 21.03.2023 година со електронски допис испратен на електронската адреса на Комисијата, заведен под бр. 08-187/4, извести дека ја повлекува горенаведената претставка.

Согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
27.03.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери